РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 04-1171/2
14-02-2024 20 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВЕН ОГЛАС БР. 01/2024
**за давање на користење на термини (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје – (прва објава)**

Комисијата за спроведување на условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа **„Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје** , постапувајќи по Решение број 04-1171/1 од 07.02.2024 година, врз основа на член 17 од Правилникот за условите, начинот и постапката за давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје и согласноста за користење на термини (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје – (прва објава) дадена од страна на Советот на Општина Кисела Вода Скопје со број 09-1050/18 од 09.02.2024 година, објавува јавен оглас за:

**-давање на користење на термини во голема сала (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје** кој се наоѓа на ул.Христо Татарчев бр.44, КП број 4099, заведен во ИЛ број 2383 за КО Кисела Вода 1. со површина од 245м2 кино сала и 15 м2 проектор соба или вкупно 260м2.

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Предмет на јавно наддавање е:

- давање на користење на термини во голема сала (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје со површина од 245м2 кино сала и 15 м2 проектор соба или вкупно 260м2.

Кино салата кој е предмет на овој јавен оглас се дава за користење на термини во период од **5 (пет) години.**

**Термините за користење се:**

| Ден | Час |
|---|---|
| **Понеделник** | **16.00-17.00<br>17.00-18.00<br>18.00-19.00<br>19.00-20.00<br>20.00-21.00<br>21.00-22.00<br>22.00-23.00<br>23.00-24.00** |
| **Вторник** | **16.00-17.00<br>17.00-18.00<br>18.00-19.00<br>19.00-20.00<br>20.00-21.00<br>21.00-22.00<br>22.00-23.00<br>23.00-24.00** |
| **Среда** | **16.00-17.00<br>17.00-18.00<br>18.00-19.00<br>19.00-20.00<br>20.00-21.00<br>21.00-22.00<br>22.00-23.00<br>23.00-24.00** |

| | |
|---|---|
| **Четврток** | **16.00-17.00**<br>**17.00-18.00**<br>**18.00-19.00**<br>**19.00-20.00**<br>**20.00-21.00**<br>**21.00-22.00**<br>**22.00-23.00**<br>**23.00-24.00** |
| **Петок** | **16.00-17.00**<br>**17.00-18.00**<br>**18.00-19.00**<br>**19.00-20.00**<br>**20.00-21.00**<br>**21.00-22.00**<br>**22.00-23.00**<br>**23.00-24.00** |
| **Сабота** | **11.00-12.00**<br>**12.00-13.00**<br>**13.00-14.00**<br>**14.00-15.00**<br>**15.00-16.00**<br>**16.00-17.00**<br>**17.00-18.00**<br>**18.00-19.00**<br>**19.00-20.00**<br>**20.00-21.00**<br>**21.00-22.00**<br>**22.00-23.00**<br>**23.00-24.00** |
| **Недела** | **11.00-12.00**<br>**12.00-13.00**<br>**13.00-14.00**<br>**14.00-15.00**<br>**15.00-16.00**<br>**16.00-17.00**<br>**17.00-18.00**<br>**18.00-19.00**<br>**19.00-20.00**<br>**20.00-21.00**<br>**21.00-22.00**<br>**22.00-23.00**<br>**23.00-24.00** |

**2.ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Почетната цена за јавното наддавање за користење на термините од точката 1 предмет на оваа објава изнесува: **189,29 денари** за термин од 1 час, согласно извршена проценка од страна на овластен проценител.

Почетната цена за користење на термин од час е согласно анексот на извештај за проценка на недвижен имот со број 0103-13/4 од 12.02.2024 година, изработен согласно Методологијата за процена на пазарна вредност од страна на ГЕО ДЕЛТА ДООЕЛ Скопје.

Напомена: Нотарските трошоци за солемнизација на договорот ќе ги сноси најповолниот понудувач.

## 3.РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ И НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО

Документацијата за учество на јавното наддавање учесниците во хартиена форма ја доставуваат најдоцна до 22.02.2024 година до 09.00 часот.
Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје секој работен ден од од 08.00 до 16.00 часот.
Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „за оглас на користиње на термин во културниот објект „Билјана Беличанец" и бројот на повикот.
Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.
Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот.
Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисија без присуство на пријавените кандидати.
Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.
Објавата трае 8 (осум) дена од денот на објава на огласот во дневен весник почнувајќи од 14.02.2024 година до 22.02.2024 година до 09.00 часот.
Подносителсите на пријави кои што нема да бидат комплетирани со потребните докази нема да учествуваат на наддавањето, за што ќе бидат известени по електронски пат и во хартиена форма.
Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на јавната установа.За денот и времето на наддавањето ќе бидат известени сите кандидати по електронски пат на маил адреса.

## 4.ДАТУМ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддавање за давање на користење на термини (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје ќе се изврши со физичко присуство на овластените преставници на понудувачите на денот и часот утврден од страна на комисијата.

## 5.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни физички и правни лица кои што ги исполнуваат условите (општите и посебните) дадени во објавата.
Приоритет за користење на термини ќе имаат физичките и правните лица кои се регистрирани на територија на Општина Кисела Вода Скопје.

## 6.УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

### 6.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Пријавата за учество на наддавање се поднесува во хартиена форма и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за јавно наддавање.

По приемот на пријавите, Комисијата утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетни согласно со условите на објавата за што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат преку маил и во хартиена форма. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата ги поканува во точно време и место за наддавање а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

## 6.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Користење на термините за (кино сала) за јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје е наменет како простор проекција на филмови.

Просторот кој се издава за термини кој е предмет на оваа објава не е целосно опремен за вршење на дејноста па од страна на кандидатот е потребно да се направат соодветни вложувања, односно потребно е:

-Да се изработи продажен пулт

-Набавка и поставување на нова кино опрема:Ласерски проектор со DCP сервер и најмалку 5.1 систем за озвучување.

-Набавка и поставување на платно со флексибилна рамка, која овозможува поместување на платното на бината

-Набавка и поставување на проектор за проектирање на превод на филмови

Кандидатот кои ќе ги земе на користење термините нема да има обврска да ги покрива тековните режиски трошоци.

Инвестиција во објектот направена од страна на избраниот кандидат, по завршување на важноста на договорот за закуп на термини, ќе биде во сопственост на избраниот кандидат.

Корисникот на термини е должен одреден термин минимум 2(два) максимум(четири) пати во месецот на барање на давателот по претходна најава минимум 8(осум) дена да му ја отстапи салата за сопствени потреби.

**Документи потребни за пријава на јавниот оглас се следните:**

1. Кандидатите кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават:

А) За правни лица:

2. - Доказ за регистрирана дејност;
3. - копија од тековна состојба на правното лице издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
4. - овластување издадено од одговорно лице на правното лице;
5. - телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
6. - жиро сметка.

Б) За физички лица:

1. доказ за идентитет (лична карта или патна исправа);
2. телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
3.-трансакциска сметка.

Пријавите кои што нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат преку маил и преку пошта во хартиена форма.

**7.ПОСТАПКА**

Јавното наддавање започнува од највисоката понудена цена за закуп на термини од час и се спроведува по пат на усно наддавање од страна на учесниците.

Јавно наддавање се спроведува доколку за користење на определен термин се јават најмалку двајца заинтересирани кандидати и истите се известуваат за денот и времето на наддавањето.

Ако на огласот се јави само еден заинтересиран кандидат, се склучува договр со истиот доколку ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Ако на огласот за издавање на користење на термин за кино салата не се јават заинтересирани кандидати, се распишува и објавува повторен оглас.

За најповолен понудувач се смета учесникот во јавното наддавање кој што понудил последна цена која што претставува највисока цена за закуп на термини предмет на јавниот повик.

По завршувањето на јавното наддавање Комисијата изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и врз основа на истиот изготвува Одлука за избор на најповолен понудувач која се доставува до сите учесници на наддавањето.

Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор во рок од 5 (пет) дена сметано од денот на истекувањето на рокот за приговор.

Доколку кандидатот кој понудил највисока цена не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок од член 15 став 2 од Правилникот За условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје , ќе се смета дека се откажал, а јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје ќе може да склучи договор со наредниот најповолен кандидат.

Кандидатот или кандидатите кои ќе се откажат од склучување на договор немаат право да учествуваат на други огласи објавени согласно Правилникот За условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода, во период од 1 (една) година.

Доколку и второ рангираниот канидат не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок, јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" ќе може да склучи договор со непосредна спогодба со заинтересиран кандидат.

Во случај на стечај, ликвидација и други случаи на престанок на вршењето на дејноста, на било која од договорните страни, престанува да важи склучениот Договор.

Нотарските трошоци се на товар на кандидатот.

Учесниците имаат право на приговор **во рок од 3 (три) дена** сметано од денот на приемот на Одлуката за избор на најповолен понудувач.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Управниот одбор на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје

## 8.ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ

Во текот на траење на Договорот, корисникот е должен:

- на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје да и достави адреса за доставување на писмено, при што ќе изјави дека секое доставување на писмено од страна на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" на таа адреса ќе се смета полноважно.
- да ја извести јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје за секоја промена на седиштето, адресата статусни и слични промени жиро сметките и слично.
- да ги употребува просториите на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје согласно намената, како добар домаќин - просторот, хигиенско-санитарниот јазол, реквизитите, опремата и техничка опрема (светло, озвучување, инвентар, видео опрема)
- да се грижи за одржување на хигиената во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје - Скопје
- да учествува квалитетно и професионално во процесот на тековно одржување на јавниот објект, согласно бројот на користените термини во однос на вкупниот број термини на јавниот објект
- да ја надомести штетата што ќе настане од несоодветно користење на опремата, реквизитите и инсталациите во културниот дом за пред, за време и по завршување на користење на термините;
- да ја плати фактурата за користење на термин во јавниот објект, во рок од 5 дена од доставувањето.
- Корисникот нема право да му го даде правото на користење на терминот на друг корисник или според некој друг основ да му го предаде на употреба.
- Корисникот не може без писмена согласност на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје да врши измени во просториите на јавната

установа „Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје (преградување, поправки, преправки,пренамена и други инвестициони работи).

-Корисникот нема право по основ на договор за користење термин да изврши промена на своето седиште на адреса на Јавната установа „Домот на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

## 9.ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ

Корисникот, за време на користење на термини во јавната установа е должен:

-да ги спроведува мерките за спречување и оневозможување на насилно и недостојно однесување на гледачите;

-да не дозволи надминување на гледалишниот капацитет на салата.

-Корисниците се обврзуваат навремено да ги отпочнуваат и завршуваат активностите во просториите на јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода – Скопје.

-Целокупната опрема која ќе ја инсталира корисникот за негови потреби потребно е сам да ја осигура.

## 10. ОБВРСКИ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАН

-просториите да се одржуваат во добра состојба за да може корисниците да си ги остварат своите цели и потреби.

-да го осигура објектот – јавниот објект од сите видови штети, а осигурувањето да се однесува на: пожар, поплава, кражба на реквизити и опрема, како и други оштетувања на придружната и помошната опрема и инсталации кои се во сопственост на јавната установа.

-по истек на месецот, по утврдување на број и вид на користени термини, на Корисникот, Јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје да му достави фактура со пресметан износ, согласно цената на користените термини.

Доколку Корисникот не ја плати фактурата за користени термини во рок од 8 дена од доставата, јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец" Општина Кисела Вода - Скопје има право да му забрани пристап во објектот на Корисникот.

Детални информации врзани за објавата можат да се добијат во Општината Кисела Вода Скопје , или на телефон 075 380-928 и e-mail: daniela.kostadinova@kiselavoda.gov.mk (лице за контакт: Данила Костадинова ).

Комисијата за спроведување на условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа .

Даниела Костадинова претседател________
Елизабета Јаневска, член __________
Иван Живковски, член _________
Иван Митровски ______________
Елизабета Стефковска____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА